Архивски број: 08-85/1
16-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–845/1 од 11.12.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово, со адреса на живеење на [redacted] Куманово, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност и возраст во областа на пристапот до вработување, од страна на вработени лица во Агенција за вработување Република Северна Македонија, Центар за вработување Куманово, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–845/1 од 11.12.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово, со адреса на живеење на [redacted] **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 11.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Куманово, со адреса на живеење на [redacted] Куманово, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност и возраст во областа на пристапот до вработување, од страна на вработени лица во Агенција за вработување Република Северна Македонија, Центар за вработување Куманово,.

Согласно наводите во претставката и дополнувањето на истата подносителката смета дека е дискриминирана од страна на Агенција за вработување, поточно од вработени лица кои ги именува во претставката бидејќи со години како барател на работа не можела да се вработи. Наведува дека има завршено средно образование, а преку Агенцијата никогаш не била вработена, ниту повикана на интервју за работа. Ова го поврзува со фактот дека не била член на ниту една политичка партија, како и со оглед на нејзината возраст. Наведува дека едно од лицата ја побарало за работен ангажман – чување и грижа на возрасно лица, но не по формален пат. Наведува дека друго лице вработено во Агенцијата ја побарало телефонски заради вработување во ВЕРО маркет, но за неа било нејасно зошто ја побарал од приватен број на негов роднина. Посочува дека ваквиот однос кон неа трае со години и за неа останува нејасно како може да не исполнува услови за ниту една работна позиција.

Од изнесеното во претставката, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, со оглед дека подносителката на претставката укажува на можни неправилности во работењето на лица од Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување Куманово, Комисијата ја упатува подносителот за истото да го извести надлежниот Државен инспекторат за труд и да побара и оствари заштита на своите права.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
15.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД